## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**1742.**

Врз основа на член 35 став (8) од Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10 и 47/11), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА НАЧИНОТ НА СЛЕДЕЊЕ И ПРЕСМЕТКА НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СТАПКИТЕ ЗА СОБИРАЊЕ НА ОТПАДНИ БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ И ПРЕСМЕТКА*

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на следење и пресметка на реализацијата на стапките за собирање на отпадни батерии и акумулатори, како и формата и содржината на образецот за следење и пресметка.

Член 2

Стапката на собирање на отпадни батерии и акумулатори се следи и пресметува, врз основа на податоците добиени од правни и физички лица за количините на батерии и акумулатори кои се пуштени на пазар во Република Македонија согласно член 30 став (6) и член 31 став (2) и (4) од Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори, со тоа што трократниот износ на собраните количини на батерии и акумулатори изразени во килограми за базната година се дели со збирот на продадени батерии и акумулатори за последните три години.

Како базна година за пресметка се земаат податоците добиени за 2011 година.

Член 3

Формата и содржината на образецот за следење и пресметка на реализацијата на стапката на собирање на отпадни батерии и акумулатори е дадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2014 година.

Бр. 07-2941/7
19 април 2011 година
Скопје

Министер,
д-р **Неџати Јакупи**, с.р.

---

* Со овој правилник се врши усогласување со Директива на Европскиот Парламент и на Советот од 6 септември 2006 година за батерии и акумулатори и за отпадни батерии и акумулатори и за укинување на Директивата 91/157/ЕЕЗ , CELEX 32006L0066

Прилог

## Следење и пресметка на реализацијата на стапките за собирање на отпадни батерии и акумулатори

| Година | собирање | | Пресметка | Барање за поднесување извештај |
|---|---|---|---|---|
| X (*)+1 | Продажби во година 1 (П1) | | | |
| X+2 | Продажби во година 2 (П 2) | — | — | |
| X+3 | Продажби во година 3 (П 3) | Собирање во година 3 (С3) | Стапка на собирање (СС3) = 3*С3/(П1+П2+П3) | |
| X+4 | Продажби во година 4 (П 4) | Собирање во година 4 (С4) | Стапка на собирање (СС4) = 3*С4/(П2+П3+П4) | |
| X+5 | Продажби во година 5 (П 5) | Собирање во година 5 (С5) | Стапка на собирање (CR5) = 3*С5/(П3+П4+П5) | СС4 |
| X+6 | Продажби во година 6 (П 6) | Собирање во година 6 (С6) | Стапка на собирање (СС6) = 3*С6/(П4+П5+П6) | СС5 |
| X+7 | Продажби во година 7 (П 7) | Собирање во година 7 (С7) | Стапка на собирање (СС7) = 3*С7/(П5+П6+П7) | СС6 |
| X+8 | Продажби во година 8 (П 8) | Собирање во година 8 (С8) | Стапка на собирање (СС8) = 3*С8/(П6+П7+П8) | СС7 |
| X+9 | Продажби во година 9 (П 9) | Собирање во година 9 (С9) | Стапка на собирање (СС9) = 3*С9/(П7+П8+П9) | СС8 |
| X+10 | Продажби во година 10 (П 10) | Собирање во година 10 (С10) | Стапка на собирање (СП10) = 3*С10/(П8+П9+П10) | СС9 |
| X+11 | итн. | итн. | итн. | СС10 |
| итн. | | | | |

Забелешка:
(*) Годината X е годината 2011
П- продадена (пуштено на пазар во РМ)
С- собрана
СС- стапка на собирање